такви друштва, а во октомври 1974. година на Меѓународниот конгрес во Дубровник што го организира југословенскиот Комитет на ЕИРЕНЕ, успеавме да се собереме и да ја изабереме првата управа на нашиот Сојуз. Честа што ја доби нашата република со определувањето на Скопје како средиште на Сојузот е нешто што нас тогаш пријатно нè изненади. Ние се дадовме на работа да ја оправдаме таа доверба.

Работата околу прибирањето на нашите научни сили траеше доста долго, уште од организирањето на нашето списание. Повеќе од 20 години траеше тоа наше собирање и договарање. Во тоа време нашето списание и нашите соработници бележеа сè поголеми успеси. Интересот за „Жива антика“ растеше и надвор од нашата земја. Меѓународната федерација на друштвата за класични студии FIEC одамна се интересираше и инсистираше да станеме и ние нејзин член. Минатата година и тоа беше регулирано на редовното собрание на FIEC во Брисел. Уште при оформувањето на нашиот Сојуз во Дубровник ние разговаравме и се договаравме за организирање и на еден научен собир до крајот на нашиот мандат. И еве го крајот на тие наши договори во врска со нашиот научен живот.

Овој наш мал конгрес, како што би го нарекол јас, ќе ги покаже тие резултати во денешниов и следните неколку денови на нашиот собир.

Ги поздравувам сите наши колеги што се дојдени од цела Југославија и им пожелувам успешна работа. Би сакал да се почувствуваат тие во овој наш град, во градот на Климент и Наум, на Прличев и на други културни и просветни дејци, како во свој дом. — Добре ни дојдовте!

---

## ПОЗДРАВНИ ГОВОР ПРЕДСТАВНИКА СОБРАЊА СР МАКЕДОНИЈЕ ЖИВКА ВАСИЛЕВСКОГ, РЕПУБЛИЧКОГ СЕКРЕТАРА ЗА КУЛТУРУ

Драги гости, другарки и другари,

Почестен сум што можам од името на покровителот, Собранието на СР Македонија, да го поздравам научниот собир „Антиката и античкото наследство кај нас“ и на учесниците да им посакам пријатно престојување во Македонија и плодотворна работа на собирот.

Нашиот дел на Балканот, тоа вие подобро го знаете, со својата централна географска положба, со широкиот излез на Егејското Море и Солунскиот Залив, отсекогаш имал извонредно воено-стратешко значење на Балканот и за Метидеранот воопшто,

Преку Панонската низија и долината на Јужна Морава, а потоа преку Кумановската котлина и долината на реката Вардар, отсекогаш минувал природен и мошне значаен булевар што ги сврзувал Средна Европа и Блискиот Исток.

По овој булевар лежат безбројни неодгатнати и одгатнати тајни и таинствености како историски симболи и сведоштва, не само кој бил, туку и каков бил патникот и творецот во одредени општествени услови, неговиот гениј од првото ископано праорудије, мозаик или ќуп, до современата слика или скулптура.

Македонија е вистински трезор на непроценливи вредности од материјалната култура на народите што минувале преку неа. Сето тоа непроценливо богатство, припаѓајќи му на современикот, му припаѓа на човештвото. Тоа е дел од големата светска ризница.

Современиот свет или поточно светската културна ризница би била посиромашна без Требеништа, Лихнида, Хераклеа Линкестис, Стубера, Стоби и Скупи, без една Баргала, Света Софија во Охрид, Курбиново во Преспа, Нерези во Скопје и безброј други идентификувани и неидентификувани антички, средновековни и други споменици кои се наоѓаат во Македонија. Кога по еден магијски пат најзначајното наследство би се нашло на едно место, Македонија би имала единствен музеј достоен за секоја земја во светот.

Наследеното низ вековите, како што нагласив, е од непроценлива вредност за културната ризница на човештвото, а нашата одговорност тоа да се сочува за поколенијата што доаѓаат по нас е неподелена пред историјата и пред современиот свет.

Големиот руски уметник Станиславски во една прилика истакнал: „Да се бараме во минатото за да не се загубиме во иднината“. Српскиот писател Студен тоа го кажал поинаку: „Јас не верувам во иднина која нема свое минато“. Наведувајќи ги мислите на Станиславски и на Студен далеку сум од помислата дека треба да се глорифицира минатото или пак да се пее ода за него. Минатото треба постојано да се проучува бидејќи е вткаено во сегашноста. Тоа претставува инспирација за уметничкото творештво на современиот свет. Тоа се одразува и изразува постојано и насекаде.

Нашиот професор Илиевски, залагајќи се за изучувањето на латинскиот јазик во нашата Република рече: „Ако објективно се погледа на нашата современа култура и цивилизација, ќе се види дека во нивната основа длабоко е вткаена класиката“. Цицерон со кажаното за антиката, како за „извор од каде што потекнале и се рашириле во сите земји цивилизацијата, религијата, земјоделството, правосудството и законите“, како да бил наш современик и истомисленик за значењето на антиката во развојот на човештвото воопшто.

По ослободувањето на нашата земја, младата македонска држава се ангажира за заштитата и презентацијата на наследеното културно-историско богатство. Со скудни материјални средства, со натчовечки напори и во непроспиени деноноќија, македонските кадрови, потпомогнати со кадрови од другите братски републики, заштитија голем број споменици. Проучувањето на антиката и на античкото наследство кај нас, од ослободувањето па сè до денес, беше постојана тема на младата македонска наука. Списанието „Жива Антика" и младите македонски научници, предводени од нашиот уважен академик Петрушевски, многу придонесоа за афирмацијата на историското минато на нашиот дел од Балканот.

Другарки и другари,

Овој собир, прв од ваков карактер во нашава земја, претставува мошне значаен придонес за натамошното проучување на нашето културно-историско наследство. Многу неоткриени и недоречени вистини за антиката и античкото наследство кај нас овде ќе бидат искажани и презентирани за светската културна јавност. Преку овој собир Југословенската научна мисла, многу повеќе и понагласено ќе биде присутна и ќе се вградува во трезорот на современата научна мисла.

Со надеж и верување за вашиот придонес во натамошната афирмација на научната мисла во светот, на вас учесниците на собирот ви посакувам плодотворна и успешна работа.

---

## ПОЗДРАВНИ ГОВОР ПРЕДСТАВНИКА СОБРАЊА ОПШТИНЕ ОХРИД

Другарки и другари, драги гости,

Имам пријатна должност и ми причинува посебно задоволство што можам од името на Собранието на Општината и граѓаните на Охрид да ве поздравам и да ви пожелам пријатен престој во нашиот град.

Древниот Охрид и неговите граѓани се почестени што токму во него се одржува првиот научен собир на Сојузот на друштвата за Антички студии на СФРЈ, посветен на „Антиката и античкото наследство кај нас". Иако релативно мал, Охрид има мошне богата традиција за одржување на разни меѓународни и домашни